Архивски број: 08-605/5
Датум: 22.11.2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-605/1 од 06.09.2024 година поднесена од од Скопје, со адреса на ул. „ во Скопје, против Министерство за економија, со седиште на ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15 во Скопје, за сторена дискриминација во пристапот до мерки, врз основа на политичко уверување и лично својство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 07.11.2024 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерството за економија врз подносителот врз основа на политичко уверување и лично својство во пристапот до мерки.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму **„Комисијата"**) поднесена е претставка заведена под архивски број 08-605/1 на 06.09.2024 година од страна на подносителот од Скопје, против Министерство за економија, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување или лично својство.

Подносителот во претставката доставена преку електронски пат во прилог доставил листа на избрани кадидати за туристички ваучери од страна на Министерството за економија и скриншот од мобилен телефон со реден број 1004/29 за подносителот, заверено од страна на Министерството за економија на 12.02.2024 година.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

1. **Список на избрани кадидати за туристички ваучери од страна на Министерството за економија**
2. **Скриншот од мобилен телефон со реден број 1004/29 за**

Од причина што претставката не содржеше образложение, односно текстуална содржина за околностите и фактите врз основа на кои се темели тврдењето за дискриминација, Комисијата согласно член 24 став 2, до подносителот достави Барање за доуредување на претставката. Со истото беше задолжен да ја доуреди претставката во насока што ќе го образложи поводот за поднесување на истата и ќе

ги наведе дејствијата со кои смета дека кон него била извршена дискриминација од страна на посоченото Министерство за економија.

На ден 16.09.2024 година до Комисијата беше доставен поднесокот за доуредување на претставката од страна на подносителот, заведен под број 08 – 605/3. Подносителот појаснува дека претставката се однесува на ваучерите за туризам кои ги додели Министерството за економија. Се наведува дека дододелувањето на ваучерите се спроведувало врз принципот „прв дојден, прв услужен". На 12.02.2024 година, подносителот поднел барање за добивање на ваучер за туризам, согласно правилата на програмата, лично во Министерството за економија, при што од страна на надлежната комисија добил реден број 29. Кога била објавена конечната листа на лица кои добиле ваучери за туризам, подносителот увидел дека не се наоѓа на истата. Тој тврди дека бројот што првично му бил доделен, бил распределен на друг кандидат, а неговото име било наведено под број 2105. На лицата до реден број 1777 им биле доделени ваучери за туризам. Подносителот во рок од тие седум месеци не добил никакво известување во однос на тоа зошто првичниот реден број што го добил бил избришан и му бил доделен нов реден број. Поради тоа смета дека ваквото постапување е незаконито и тенденциозно, бидејќи го крши принципот на правичност и транспарентност при процесот на доделување ваучери, како и дека е ставен во нерамноправна положба во однос на другите кандидати и со тоа му е повредено правото на еднаков третман. Нееднаквиот третман подносителот го поврзува со политичко уверување или лично својство.

Откако подносителот ја доуреди претставката со потребните елементи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 16.09.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката бр. 08-605/4 до Министерството за економија.

Имајќи предвид дека во законски предвидениот рок, Министерството за економија како посочен дискриминатор не се произнесе по наводите содржани во претставката, а постои доказ дека доставата била уредна, Комисијата при утврдување на фактичката состојба ги зема предвид единствено наводите на подносителот.

По разгледување на тврдењата од претставката и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителот не го направил веројатно тврдењето за дискриминација наведено во претставката. Тоа од причина што не постојат тврдења или докази со кои може да се доведе во корелација дека токму политичкото уверување или личното својство на подносителот се причината за недобивање на ваучерот за туризам. Односно дека нееднаквиот третман кон подносителот се заснова на наведените дискриминаторски основи. Во претставката подносителот единствено ги навел дискриминаторските основи, но не ги појаснил околностите кои го сочинуваат неговиот личен статус или политичко

уверување и поради кои може да се претпостави дека биле основа за понеповолно постапување за разлика од другите, кои имале различно политичко уверување или лично својство од неговите. Распоредувањето на подносителот од реден број 29 на реден број 2105, поради кое тој бил исклучен од списокот на добитници на ваучери за туризам, не може да се смета за дискриминација, доколку не е докажано дека се заснова на дискриминаторска основа. За да постои дискриминација во конкретниот случај, потребно е да постои понеповолен третман кон подносителот во однос на останатите добитници наведени како компаратори и воедно каузалност помеѓу тој третман и дискриминаторската основа. Доколку подносителот сторел веројатно дека постои поврзаност помеѓу неговото политичко уверување или лично својство и нанесената повреда ќе била создадена презумпција за дискриминација. Во спротивно, во случајот не може да стане збор за дискриминација. Поради тоа Комисијата утврди дека не е исполнета дефиницијата за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*"

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација во пристапот до мерки од страна на Министерството за економија кон подносителот врз основа на политичко уверување или лично својство.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- 1000 Скопје
- Министерство за економија со седиште на ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk